Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08 - 1420/1
датум 01-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

**Комисијата за надзор на ден 20.04.2026 година во 13:40 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во Апелационен суд Битола за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателката на судот Жаклина Доведен, која истовремено суди во граѓанскиот оддел, раководен самостоен судски советник и вршител на работи на судски администратор Ањеза Ивановска, раководител на ИТ оддел Теодора Андреевска и технички секретар на претседателот на судот Лидија Сотирова.

Претседателката на судот по нејзиниот избор во 2025 година успеала да ја организира работа на судот со драстично мал број на судии. Иако во 2026 година избрани се 4 нови судии, судот се соочува со голем недостиг на судии. Од 25 систематизирани судиски места пополнети се само 10 судиски места, што претставува предизвивик за работата на судот.

Дополнително, не се исполнети услови за избор на нови судии, од причина што недостиг на судии се јавува и во основните судови на ова апелационо подрачје. Од овие причини Комисијата дава Препорака:


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ПРЕПОРАКА:
Апелациониот суд Битола се соочува со значителен недостаток на судии, што е системски проблем и за кој треба да се најдат соодветни решенија.
Освен на законодавно ниво, потребна е подобра предвидливост на ниво на планирање на уписи на кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители кои ќе овозможат доволен број на судии за пополнување на основните судови, а при процесот на проекции на Судскиот совет треба да се извршат анализи за потребата на сите судови и можноста за исполнување на условите за избор во повисоките судови. Иако законски овозможено е судиите да имаат можност да ја вршат својата функција до 67 години, сепак потребно е Судскиот совет во соработка со судовите, Министерството за правда, Министерството за финансии и Академијата за судии и јавни обвинители да обезбедат стабилно и долгорочно планирање и обезбедување на доволен број на квалификувани и обучени судии кои ќе одговорат на обемот на работа и предизвиците во правосудството во следните години, за да нема преоптоварување на судиите и судската служба за да обезбедат судење во разумен рок согласно меѓународните стандарди.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа на судот и достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд доставен до Судскиот совет на Република Северна Македонија (најдоцна до 31 март)**

Со одлука на Судски совет бр.09-606/1 од 11.03.2025 година, в.д. претседателката на судот е избрана за претседател на Апелациониот суд Битола.
Програма за работа Су бр.01-5/2025 година од 31.01.2025 година, Су бр.01-6/2026 од 30.01.2026 година.
Извештај за реализација Су 01-20/2025 од 27.02.2025 година, Су бр. 01-19/26 од 27.02.2026 година.

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во судот се систематизирани 25 судиски места, од кои пополнети се само 10 судиски места, заедно со претседателката на судот. Во судот се формирани кривичен, граѓански оддел и оддел за судска пракса. На еден судија му мирува функцијата бидејќи е избран за член на Судскиот совет. Од месец март 2026 година започнале

со работа избраните нови тројца граѓански судии, а избраниот судија за кривична материја започнал со работа веднаш по изборот во месец февруари 2026 година.
Судскиот совет на Република Северна Македонија на 19.02.2026 година времено упатил до крајот на годината шест судии од Апелациониот суд Гостивар во Апелациониот суд Битола, со цел да се овозможи ефикасно и навремено решавање на предметите.

**3. Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Редовно и навремено се донесува Годишниот распоред за работа на судии и за судската служба во Апелациониот суд Битола. Измени биле воведени заради избор на нови судии и делегирање на судии.
Су-01-38/24 од 24.12.2024 година, Су 01-17/25 од 12.02.2025 година, Су -01-18/25 од 18.02.2025 година, Су бр. 01-21/25 од 05.03 2025 година, Су 01-33/25 од 02.09.2025 година - исклучување од работа на претседателот на судот, од здравствени причини.
Су 01-23/26 од 25.12.2025 година, распределба на записничар во совет.
Су 01-39/25 од 25.12.2025 година, Су 01-20/26 од 03.03.2026 година, заради делегирани судии од АС Гостивар.

**4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Во распоред за време на годишни одмори - Су 01 –30/2025 и со решенија за одмор.

**5. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Формирано е одделение за информатика како посебна организациона единица. Во судот има двајца информатичари, еден помлад соработник вработен во 2006 година и еден раководител на ИТ одделение вработен во 2011 година.

*Препорака: Во рамки на судовите потребно е доследно да се применува одредбата од Законот за судовите за формирање на служби за информатика во секој суд и унапредување на информатичарите кои ги исполнуваат законските услови за пополнување на повиските работни места.*

**6. Формиран оддел за судска практика во судот**

Формиран е оддел за судска пракса со кој раководи судијата Жаклина Доведен.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Во судот има канцеларија за односи со јавноста, Марија Гроздановски е определено лице за односи со јавноста.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Препораката за избор на судски администратор не е спроведена во судот од причини што немало вработувања и унапредувања во судовите од 2024 година. 38 вработени од 108 по систематизација вкупно цела судска служба, од кои 8 судска полиција, 1 курир, 2 хигиеничарки. 10 стручни службеници кои работат со судија.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024, 2025 и 2026 година.**

Постапено е по забелешката, во судот се составуваат службени белешки Су 01-28/25 од 24.12.2025 година, Су 01-38/25 од 05.06.2025 година.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво со претседател на суд (член 19 и 22 СД), Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД)**

Редовно се одржуваат седници на судии, увид во записници: Су 02-247/25 од 04.07.2025 , Су 02-48/25 од 25.02.2025 година.
Увид во записници: Су бр.02-287/25 од 18.09.2025 година, СУ бр. 02-82/26 од 17.04.2026 година - кривичен оддел, Су 02-48/25 од 25.02.2025 Су 02-303/25 од 19.10.2025 , Су 02-54/26 од 06.03.2026 година - граѓански оддел.
Да, редовно се одржуваат, увид во записник Су 02-76/26 од 06.04.2026 година.

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Квартални извештаи редовно се доставуват до Судскиот совет, месечни извештаи се доставуваат до работното тело, а Судскиот совет автоматски има можност за увид во истите.
При анализа на застарените предмети, Апелациониот суд Битола утврдил дека најголем дел од предметите застаруваат во фаза на решавање во основните судови.

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Апелационен суд Битола за 2024, 2025 и 2026 година.**

Врховниот суд на Република Северна Македонија од 2024 година не извршил посета на судот.
Редовно се врши посета во основните судови на апелационото подрачје Битола од страна на Апелациониот суд Битола, согласно законските одредби.

13. **Надзор над работата на нотарите**

Претседателката на судот во 2025 година одржала работни средби со нотарите на подрачјето на АС Битола за што е составен записник бр. Су 03-398/25 од 19.12.2025 година.
Освен тоа, претседателката на судот одржала работни средби со државните правобранители, адвокатите, извршителите, со цел да се унапреди соработката за ефикасно решавање на предметите, како и решавање на поединечни прашања кои произлегуваат од работата.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

14. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Информатичарите од Апелационен суд Битола вршат обуки по потреба на вработените во судот.  Редовно посетуваат ИТ специјализирани обуки во организациоја на АСЈО

15. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Во поглед на информатичката опрема со која располага судот известени сме дека секој вработен има работни станици. Исто така располагаат со доволен број на принтери, кои заради подобра ефикасност се поврзани мрежно. Информатичката опрема во судот е  набавени во периодот од 2017 до 2019 година. Во судот има и резервна опрема од набавка реализирана во 2023 година со која ќе бидат заменувани постарите компјутери.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Во писарница има еден активен и два резервни скенери за скенирање од едно место, кој го користи само еден вработен за да ги скенира влезните документи во судот низ приемно одделение.

## 16. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

На комисијата и беа доставени на увид списоци на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи. Направен беше увид во Су-01-2/25 од 17.01.2025 и Су-01-16/26 од 05.02.2026 година, сите уредно заведени во АКМИС како акти.

## 17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии во работата со АКМИС системот.

## 18. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)

Дежурства во судот има за време на судска ферија и истите се внесуваат во календар на дежурства по претходно изработен план од претседателот на судот. Извршен е увид на месечните календари за дежурства по години: 2025 и 2026 како хартиено така и во АКМИС системот.

## 19. Скенирање на влезни документи

Се врши скенирање на предмети во писарница, но не се скенираат првостепени поднесоци туку во постапката пред второстепениот суд.

## 20. Електронски прием на предмети од страна на судиите

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

## 21. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)

Раководителот на ИТ одделението со Одлука е назначен за администратор на АКМИС системот во Апелациониот суд Битола со Одлука Су-01-16/26 од 27.02.2026 година.

Автоматската распределба и прераспределба на предметите ја извршуваат уписничарите.

**22. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Направен беше увид во АКМИС на следните одлуки за вклучување/исклучување по случаен избор за 2025 и 2026 година до денот на надзорот, кои беа дадени на увид во хартиена форма и беше констатирано дека истите се уредно внесени во АКМИС: СУ-02-324/25 од 27.10.2025, СУ-02-241/25 од 30.06.2025, СУ-02-220/25 од 18.06.2025, СУ-02-70/25 од 12.03.2025, СУ-02-7/26 од 20.01.2026 и СУ-02-69/26 од 23.03.3036 година, сите заради отсуство подолго од пет работни денови.

**23. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на одлуки избрани по случаен избор за изземање на судија за 2025 и 2026 година до денот на надзорот. Најчеста причина е блиски роднински врски или судија на претходна постапка и констатирано беше дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот.
По случаен избор беше направен увид во следните одлуки:
СУ-ИЗЗ-51/25 од 11.03.2025, СУ-ИЗЗ-198/25 од 21.05.2025, СУ-ИЗЗ-293/25 од 08.10.2025, СУ-ИЗЗ-334/25 од 30.10.2025, СУ-ИЗЗ-18/26 од 28.01.2026, СУ-ИЗЗ-95/26 од 01.04.2026 и СУ-ИЗЗ-108/26 од 17.04.2026.

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Во Апелационен суд Битола нема рачно распределени предмети.

**25. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за 2025 и 2026 година до денот на надзорот:

- ГЖ-1526/24 - поднесен и примен на ден 23.12.2024 година, автоматски распределен на ден 23.12.2024 година, прераспределба со модул

прераспределба на нови судии на ден 05.03.2025 година, и прераспределеба автоматски на ден 13.03.2025 година

- ПРКЖ-199/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 15.04.2025 година и примен кај судија на ден 16.05.2025 година
- ТСЖ-200/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 29.10.2025 година, примен кај судија на ден 30.10.2025 година и автоматски прераспределен на ден 05.11.2025 година со Решение за изземање
- ГЖ-25/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 16.01.2025 година, примен кај судија на ден 17.01.2025 година, автоматска прераспределба на ден 05.03.2025 година со Решение за изземање
- КР-7/25 - поднесе и примен на ден 19.05.2025 година, распределен со копче судија на ден 19.05.2025 година и примен кај судија на ден 20.05.2025 година
- ГЖ-455/26 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 30.03.2026 година, примен кај судија на ден 06.04.2026 година
- ПРКЖ-100/26 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 16.02.2026 година и примен кај судија на ден 17.02.2026 година
- КЖ-97/26 - поднесен и примен на ден 05.03.2026 година, автоматски распределен на истиот ден и примен кај судија на ден 06.03.2026 година
- ПРКЖ-37/26 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 26.01.2026 година, примен кај судија на ден 27.01.2026 година, и прераспределба автоматски на ден 02.02.2026 година со решение за изземање како судија на претходна постапка

При тоа, комисијата беше информирана дека во врска со начинот на прераспределба на предмети на Судиите кои од Апелационен суд Гостивар со решение на Судскиот совет на РСМ се делегирани од 01.03.2026 година да работат во Апелационен суд Битола, прераспределбата на предмети е извршена со цел на делегираните судии да им се овозможи да добијат подеднаков број на предмети, истовремено имајќи го во предвид и бројот на предмети кои им се потребни со цел истите да можат да ја остваруваат ориентационата норма за периодот за кој се делегирани, и тоа на следниот начин:
На делегираните тројца судии кои беа распоредени да работат во кривичниот оддел преку АКМИС со автоматска прераспределба им се прераспределија вкупно 390 предмети од уписникот КЖ, на начин со кој се обезбеди секој од делегираните судии да добие подеднаков број на предмети, односно на секој судија му се

прераспределени по вкупно 130 предмети. За таа цел, од предметите во работа од уписникот КЖ се прераспределија последно заведените нерешени предмети почнувајќи од 27.02.2026 година па наназад.

На делегираните тројца судии кои беа распоредени да работат во граѓанскиот оддел преку АКМИС со автоматска прераспределба им се прераспределени вкупно 630 предмети и тоа, 480 предмети од уписникот ГЖ и 150 предмети од уписникот РОЖ, на начин со кој се обезбеди секој од делегираните судии да добие подеднаков број на предмети, односно на секој судија му се прераспределија по вкупно 210 предмети од кои по 160 предмети од уписникот ГЖ и по 50 предмети од уписникот РОЖ. За таа цел, од предметите во работа кај судиите во Граѓанскиот оддел се прераспределија последно заведените нерешени предмети почнувајќи од 27.02.2026 година па наназад.

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Во 14:06 часот на денот на надзорот има 42 новопримени предмети кои веќе се автоматски распределени на судии.

Нема автоматска распределба повеќе од еднаш во ист ден за контролираниот период.

**27. Уписници што се водат во хартиена форма**

Судот нема уписници во хартиена форма.

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

По надградбата на опремата за тонско снимање во 2025 година истата се користи и се врши тонско снимање. Во судот има две судници, од кои една е опремена со опрема за тонско снимање и во неа судиите ги снимаат рочиштата по претходно дефиниран календар за судења. Во 2025 реализирана се три снимања, а во 2026 година до денот на надзорот реализирани се две тонско снимање.

**29. Електронска достава**

Редовно се извршува електронската достава на адвокатите кои имаат регистрирано електронски сандачиња.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Во 2025 се доставени вкупно 1157 акти преку системот за електронска достава во 515 предмети, додека за 2026 година до денот на надзорот извршена е електронска достава во 247 предмети, а доставени се вкупно 483 поднесоци.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Увид во одлуки: Су бр. 02-80/24 и Су бр. 01-15/25 од 02.09.2025 година.

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Редовно се донесува. Увид во Годишен план за 2024 година Су-01-15/25 од 20.01.2025 година, Су -01-17/26 од 23.02.2026 година.

**32. Внатрешни процедури**

Увид во внатрешни процедури СУ-01-4/24 , одлука Су 01-21/25-3 од 17.04.2025 година за примена. За 2026 година треба да бидат донесени дополнително.

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су.бр. 01-15/25 од 09.06.2025 година, под ист број од 10.11.2025 година, Су бр.01-18/26 од 08.04.2026 година.

ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Информирањето на јавноста за резултатите од работењето на судот се врши преку веб страната на судот.
Внатрешната страна на судот ја одржува информатичарите и канцеларијата за односи со јавност, а преку неа се информираат сите вработени во судот.
Апликацијата за судска пракса на апелационо подрачје Битола функционира со предмети од 1976, 1964, 1965 година, а пресудите на ЕСЧП за Република Северна Македонија исто така се објавени на интерната страна.

**35. Огласна табла на судот**

Во Апелациониот суд немаат потреба од огласна табла во судот, од причина што основните судови согалсно својата надлежност постапуваат.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Нема

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот анонимизираните судски одлуки.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, од почетокот на 2025 година до денот на надзорот објавени се вкупно 4150 одлуки на веб страната на судот.

**38. Архива**

Просторно средена просторија, каде што има услови за чување на предметите. Истите се лесно достапни, можат во секое време да се прегледаат и хигиената во самата просторија е на коректно ниво. Редовно се врши поништување на документарниот материјал по добиена согласнот од Државиот архив на РСМ.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

**39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

Увидот заврши на ден 20.04.2025 во 15:30 часот.



Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk